Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 56, 15 март 2011 година

март 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје енергетика и животна средина на Машински факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научното подрачје градежништво и водостопанство на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област маркетинг на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Техничка механика II (кинематика, динамика и осцилации)“ од авторите д-р Симеон Симонов и д-р Златко В. Совреcки од Машински факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на физичко воспитание со методика“ за Предучилишно воспитување од д-р Илија Клинчаров и м-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на физичко образование со методика“ за Одделенска настава од д-р Илија Клинчаров и м-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ... 38

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА II (КИНЕМАТИКА, ДИНАМИКА И ОСЦИЛАЦИИ) ОД АВТОРИТЕ Д-Р СИМЕОН СИМОНОВ И Д-Р ЗЛАТКО В. СОВРЕСКИ ОД МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 2720-32/15 од 1.2 2011 година на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, донесена на првата седница одржана на 1.2.2011 година, определени сме за рецензенти на интерната скрипта **„ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА II (КИНЕМАТИКА, ДИНАМИКА И ОСЦИЛАЦИИ)“** од авторите доцент д-р Симеон Симеонов и асистент д-р Златко В. Соврески.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин. Материјалот презентиран на овој начин, едноставно, го воведува читателот во основните познавања од оваа област.

Ракописот **„ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА II (КИНЕМАТИКА, ДИНАМИКА И ОСЦИЛАЦИИ)“** е напишан е на 137 страници и содржи 98 слики.

Материјалот тематски е поделен на четири дела и тоа:

Првиот дел е кинематика и тематски е поделен на два дела: кинематика на точка и кинематика на круто тело.

Вториот дел е динамика и тематски е поделен на три дела: динамика на точка, динамика на круто тело и судир на тела.

Третиот дел е осцилации и се однесува на осцилации на системи со еден степен на слобода.

Четвртиот дел се прилози и се презентирани вкупно 29 кратки и едноставни задачи од кои: 9 задачи се од кинематика, 13 задачи се од динамика и 7 задачи се од осцилации.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека ракописот на концизен и едноставен начин го обработува материјалот од предметот Техничката механика II. Ракописот е во согласност со наставниот план и програма по предметот Техничка механика II и корисно ќе им послужи на студентите за совладување на наставните содржини по истиот предметот. Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме ракописот **„ТЕХНИЧКА МЕХАНИКА II (КИНЕМАТИКА, ДИНАМИКА И ОСЦИЛАЦИИ)“** од авторите доцент д-р Симеон Симеонов и асистент д-р Златко В. Соврески да го прифати за печатење како **ИНТЕРНА СКРИПТА.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Вон. проф. д-р Елизабета Христовска, с.р.**
**Доц. д-р Илиос Емилијан Вилос, с.р**